Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-2618/24
20-11-2017 201 год
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Стале Попов бр. 9 мезанин локал 5. Скопје. пошт. фах 38. телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.(136/07,130/08,97/10,53/11,185/11,15/13,148/13, 28/14,43/14, 130/14, 180/14, 78/15, 192/15 и 120/16) , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-2618/16 од 15.11.2017 г. ,Извештај од спроведена постапка пред спроведување на е-аукција бр.05-2618/17 од 15.11.2017., Извештај од спроведена е-аукција бр.05-2618/18 од 17.11.2017 г, Извештај од спроведена постапка по спроведување на е-аукција бр.05-2618/23 од 17.11.2017 г од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**09/2017** , Директорот на Друштвото донесе :

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда за Набавка на електрична енергија

На основ на Записник од отварање на понуди бр. 05-2618/16 од 15.11.2017 г.. Извештај од спроведена постапка пред спроведување на е-аукција бр. 05-2618/17 од 15.11.2017., Извештај од спроведена е-аукција бр. 05-2618/18 од 17.11.2017 г, Извештај од спроведена постапка по спроведување на е-аукција бр. 05-2618/23 од 17.11.2017 г од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-2618/5 од 31.08.2017 г. и Одлука за измена бр.05-2618/8 од 10.10.2017 г. со примена на Отворена постапка која се спроведува во хартиена форма и завршува со е-аукција, Договорот за **Набавка на електрична енергија** се доделува на:

**„Енерџи Деливери Солушнс ЕДС "ДОО**
**Бул. ,,Св. Климент Охридски ,, бр.30- Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 3 (три) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да ги извести понудувачите за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

- Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.

- Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до**:
- Сектор за економско финансиски работи и информатика,
- Сектор за стопанисување со деловен простор
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- Архива

изготвил: ЈанкоМихајловски 17.11.2017
контролирал: Анета Тодоровска
Светлана Сотировска
Кирил Ѓоргов